КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-146/10
11.09 2023 год.
СКОПЈЕ

Извршниот одбор на Карате федерацијата на РС Македонија, постапувајќи по барањето од КК „Металург“ и КК „Кеикс“ со кое се бара да се изврши запирање на суспензијата по Одлуката на ИО на КФМ од 23.04.2019 година, со кои тренерите Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ се казнети со парична казна од 500 евра, а во смисла на член 8 став 3 од Дисциплинскиот правилник на Карате федерацијата на РС Македонија, каде е предвидено дека дисциплинската мерка суспензијата забрана за настап – суспензија може да се изрече за временски период од 6 месеци до 4 години, па со оглед да на 23.04.2023 година се истечени 4 години од донесување на одлуката истите сметаат дека изречената казна е застарена и се изврши запирање на суспензијата, на својата седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Се отфла барањето како неоснована, бидејќи е поднесена од неовластени лица и клубови кои не се легитимни за поднесување на барања за бришење на дисциплински мерки изречени на поединци. Од друга страна во член 9 во Правилникот за работа на Дисциплинската комисија, предвидено е дека дисциплинската мерка не застарува и истата престанува со денот на нејзино плаќање.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барањето поднесено од КК „Металург“ и КК „Кеикс“ со кое се бара да се изврши запирање на суспензијата по Одлуката на ИО на КФМ од 23.04.2019 година, со кои тренерите Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ се казнети со парична казна од 500 евра, а во смисла на член 8 став 3 од Дисциплинскиот правилник на Карате федерацијата на РС Македонија, каде е предвидено дека дисциплинската мерка суспензијата забрана за настап – суспензија може да се изрече за временски период од 6 месеци до 4 години, па со оглед да на 23.04.2023 година се истечени 4 години од донесување на одлуката истите сметаат дека изречената казна е застарена и се изврши запирање на суспензијата.

По разгледување на барањето се констатира дека истото е поднесено од неовластени лица, бидејќи клубовите не се овластени лица да поднесуваат барања за измена на дисциплински одлуки, туку на лицата спрема кои е донесена одлуката.

Од друга страна, одредбата од членот 8 став 3 од Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија во која е предвидено траење на мерката забрана за вршење дејност е погрешно толкувана.

Воедно во членот 9 во Правилникот за работа на Дисциплинската комисија, предвидено е дека дисциплинската мерка не застарува и истата престанува со денот на нејзино плаќање

Поради сето напред наведено се одлучи како во диспозитивот.

Скопје,
11.09.2023

Карате федерација на РС Македонија,
ВД Претседател,
Бесник Мурати

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ОСНОВАНА